

Мобилен:
E-mail:

**Карој Швејнингер**

---

**Преглед**

Специјализиран во управување со инвестиции, корпоративни финансии и спојувања и преземања со над 20 годишно искуство на пазарите на капитал. Во моментов како Раководител на управување со инвестиции и спојување и преземања во Маѓар Телеком е одговорен за инвестициското портфолио на Групацијата како и за активностите за спојувања и преземања во Унгарија и во странство. Пред тоа, како Директор на една од наголемите независни компании за финансиско советување во Унгарија и во Централна Европа, бил советник на мултинационални и локални компании во воспоставувањето и спроведувањето на нивните стратегии за спојувања и преземања во неколку индустрии во регионот.
Ефикасен менаџер со способности за градење тимски дух и со извонредни меѓучовечки и комуникациски вештини со докажани резултати за мотивирање на другите да остварат максимални резултати во високо конкурентни и тешки околности.

**Работно искуство**

**2007 - Маѓар Телеком АД**

***Раководител на управување со инвестиции и спојувања и преземања (2015- )***

Води тим од 12 професионалци одговорни за инвестициското портфолио и активностите за спојувања и преземања на Групација Маѓар Телеком и е член на одборите на неколку компании во Унгарија и во странство.

Негови клучни достигнувања се:

- Водење на процесот на консолидација на пазарот на фиксни телекомуникациски услуги со спроведување на околу 20 преземања во последните неколку години.
- Водење на поедноставувањето на инвестициското портфолио со спроведување на околу 10 трансакции (дивестирања, спојувања, ликвидации) со цел поедноставување на инвестициското портфолио на Маѓар Телеком.
- Управување со големи дивестирања во случај на инвестиции коишто се сметат за несуштински (Телеком Црна Гора – доминантен телеком оператор во Црна Гора и Origo – еден од водечките компании за онлајн медиуми на пазарот во Унгарија).

***Раководител на спојувања и преземања (2007-2015)***

Раководител на тимот за спојувања и преземања на Групација Маѓар Телеком што е одговорен за преземања и дивестирање во Унгарија и на меѓународен план. Стекнал искуство во мултикултурна средина во една од најголемите компании во Унгарија. Избраната листа на проекти е дадена во продолжение:

*Телеком – меѓународен план:*

- Лидер на проектот за преземање на Telekom Slovenije (доминантен оператор во Словенија, проценет на вредност од 2 милијарди евра). Лидер на тим од околу 40 лица (интерни и екстерни), вршел проценка и длабинска анализа, доставил обврзувачка понуда. Тендерот за приватизација беше откажан.
- Одговорен за дивестирање на Орбител, алтернативен телекомуникациски оператор подружница на Маѓар Телеком во Бугарија. Трансакцијата беше завршена во 2010 година.
- Активности за деловен развој, идентификување на цели за преземање во неколку земји од Централна и Источна Европа (вклучувајќи ги Бугарија, Романија, Словенија, Босна и Херцеговина, Косово, Украина).

*Телеком – Унгарија:*

- Преземање на еден од најголемите оператори на фиксна телефонија (цел: доверлива).
- Преземање на GTS Унгарија, најголем алтернативен оператор на фиксна телефонија во Унгарија.

*IT:*

- Преземање на Daten-Kontor Kft., осигурување на економично работење и поконкурентно присуство на пазарот за развој на апликации за Маѓар Телеком.
- Преземање на ISH Kft., водечки давател на пазарот на медицински апликации што му овозможи на Маѓар Телеком да ја прошири новата вредносна позиција на пазарот за ИТ решенија за здравствена заштита.
- Преземање на KFKI Direkt со цел стекнување на уникатно знаење за специјален хардверски и софтверски систем што го користат владини институции.

*Кабелска телевизија (КАТВ):*

- Ги идентификуваше целите за преземање на КАТВ за цели на консолидирање на Унгарскиот пазар на КАТВ.

- Водеше преговори со целните субјекти за преземање, успешно склучи голем број на зделки (бројот на склучени зделки надмина 20); голем број трансакции се уште во тек.

*Енергетика*:

- Воспоставување на Заедничко вложување со МЕТ за обезбедување на услуги во областа на енергетиката за B2B сегментот.

**2001 - 2007 Euro-Phoenix Financial Advisors Ltd.**
***Директор (2006-2007); Помошник директор (2001- 2006)***

Работел како менаџер на проект на многу задачи за инвестициско банкарство ширум Централна и Источна Европа во голем број на сектори. Советувал клиенти во бројни ангажмани во однос на спојување и преземање и корпоративни финансии, стекнал искуство за целокупниот спектарот на процесот на трансакциите (подготовка на меморандум за информирање, проценки, длабинска анализа, преговори, финансирање, и сл.) Делумна листа на проекти поделена по сектори:

*Енергетика:*

- Менаџер за проект за продажбата на две големи унгарски компании за енергетски услуги
- Советник на голема меѓународна компанија за енергетски услуги во однос на нејзината стратегија за влез на пазарот за ладење во Унгарија
- Спроведување на почетна длабинска анализа и подготовка на проценка за средствата за гас на МОЛ, во име на меѓународен стратешки инвеститор

*ТМТ:*

- Менаџер на проект за преземање на Орбител водечка бугарска компанија за податочни комуникации во име на Маѓар Телеком, доминантен оператор во Унгарија
- Советник на НТСС за преземањето на средствата и бизнисот на PanTel, водечки алтернативен давател на услуги за податочни комуникации во Унгарија .
- Менаџер на проект за длабинска анализа и проценка на Телеком Црна Гора, советување на конзорциум на стратешки и финансиски инвеститори.
- Првична длабинска анализа на Балкански мобилен оператор, во име на мултинационален телекомуникациски оператор.
- Спроведе стратешка студија во однос на можностите за инвестирање во секторот на мобилна телефонија во две балкански земји.

*Останато:*

- Менаџер на проектот за преземање на аеродромот во Будимпешта, ангажиран од голем европски аеродромски оператор.
- Менаџер на проектот за преземање на преработувач на маслодајни семиња во Централна Европа за голем меѓународен конгломерат.

**1999 – 2001** **Nemet Befektetesi Tarsasag Rt.**

***Аналитичар на капитал***

- Вршење анализа на капиталот на компаниите што се котирани на Берзата во Будимпешта со користење на DCF и меѓународни споредливи методи на проценка.

- Вршење истражувања на домашни и глобални пазари на капитал.

**1997 – 1999** **K&H Securities Rt.**

***Аналитичар на капитал***

- Вршење анализа на капиталот со користење на меѓународни споредливи и DCF методи на проценка.

- Вршење истражувања на домашни и глобални пазари на капитал.

**Образование**

1994 – 1999 Економски факултет (Будимпешта)
Магистер по финансии

1999 Истражување на берзи организирано од Меѓународен центар за обуки за банкари

**Познавање на странски јазик** Унгарски (мајчин), Англиски (одлично), Германски (основно)

**Лични податоци**

- Датум на раѓање:

- Брачна состојба:

Преведено од Лингва Експерт